Околу **300 претставници на граѓанските организации** ја проследија првата информативна сесија за повикот за акциски грантови на
 Цивика мобилитас
,
од кои 110 ја следеа онлајн. Тие слушнаа повеќе за повикот, за тоа какви активности се очекуваат од организациите, за типот на трошоци кои можат да бидат финансирани, за содржината на пријавата и сл.




Тимот на Цивика мобилитас детално **ја објасни постапката за аплицирање и содржината на пријавата** . Учесниците имаа можност да ги разјаснат нивните недоумици и на самото место да добијат одговори на конкретните прашања во врска со програмата и повикот. Дел од прашањата се однесуваа на тоа **каков тип на организации можат да поднесат пријави**

за проект, а кој се може да биде во улога на **партнер или соработник**; каков треба да биде **статусот на лицата кои ќе бидат ангажирани** на проектот; дали организациите кои ќе бидат дел од овој повик, во било која улога, можат да побараат и друг тип грант од Цивика мобилитас; дали парите од проектот можат да се користат за **инфраструктура** итн.

Сите поставени прашања за време на информативната сесија ќе бидат и јавно објавени и одговорени на е-платформата на Цивика мобилитас .




Повикот за акциски грантови беше отворен на 26 февруари. **Рокот за поднесување на**

**пријавите е** **25 март 2019 година**. За прашања поврзани со повикот, организациите можат да контактираат со канцеларијата на Цивика мобилитас најдоцна до **15 март 2019 година** на телефон 02/3065 381 или на е-пошта: helpdesk@civicamobiltas.com

Предложените активности треба да траат нахмалку 12, а најмногу 24 месеци. Големината на грантовите ќе биде помеѓу 1.000.000 и 1.800.000 денари, а расположливиот вкупен износ за повикот е 20 милиони денари.

Програмата за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, а ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.